## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1906.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 4 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 103 став 1 точка 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СМЕТКОВНИОТ (КОНТНИОТ) ПЛАН ЗА БАНКИТЕ

1. Во прилогот 1 на Одлуката за Сметковниот (контниот) план за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/11, 152/11, 110/13, 141/16 и 83/17), по сметката 10282, се додаваат сметките:

„10283 банкноти коишто не се законско средство за плаќање

10284 ковани пари коишто не се законско средство за плаќање“.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/VII-3/2017
27 јули 2017 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

---

**1907.**

Врз основа на член 25 и член 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК НА КОВАНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 10 ДЕНАРИ

1. Со оваа одлука се пуштаат во оптек ковани пари во апоен од 10 денари со ознака на ковање „2017“ и со белези утврдени во Одлуката за основните белези на кованите пари од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07), почнувајќи од 1 август 2017 година.

2. Со пуштањето во оптек на кованите пари од точка 1 на оваа одлука во готовинскиот платен промет на Република Македонија, во важност ќе бидат паралелно и кованите пари во апоен од 10 денари, издадени според Одлуката за основните белези на кованите пари од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07) и пуштени во оптек согласно Одлуката за пуштање во оптек ковани пари во апоени од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/08).

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/VII-4/2017
27 јули 2017 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

---

**1908.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), точка 5, а во врска со точка 13 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗДАВАЊЕ КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат количината, формата и содржината на кованата пара за колекционерски цели од серијата „Животот на светителите“, со име „свети Серафим Саровски Чудотворец“ која ќе се продава и дистрибуира надвор од територијата на Република Македонија.

2. Со оваа одлука се одобрува издавање на 50 (педесет) парчиња ковани пари за колекционерски цели со име „свети Серафим Саровски Чудотворец“, изработени од злато Au999,9, со тежина на златото од 500 г, чистота на златото од 499,95 г и во овална форма со димензии 101,1 х 71,1 мм.

3. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- аверсот на монетата се состои од четири слики кои ги опишуваат најпознатите епизоди од животот на свети Серафим Саровски Чудотворец:
- благословот на младиот Прохор (св. Серафим) од страна на својата мајка,
- Христовото појавување на св. Серафим во текот на Божествената Литургија на Велики Четврток,
- молењето на св. Серафим на камен,
- појавата на Богородица на св. Серафим придружена од светите Апостоли Петар и Јован Теологот.

На горниот дел од монетата стои грбот на Република Македонија опкружен со натписот „Република Македонија“ (на македонски јазик) и годината на издавање „2017“.